# СПРЕЧИ ГО
## ШИРЕЊЕТО НА КОВИД-19

**ТОА МОЖЕШ ДА ГО НАПРАВИШ ПРЕКУ НЕКОЛКУ ЕДНОСТАВНИ ЧЕКОРИ**

**1.**

Доколку си тестиран **позитивен** на **КОВИД-19**, за тоа ќе биде **известен** твојот **матичен лекар** и **Институтот за јавно здравје.**




**2.**

Покрај твојот **матичен лекар**, **ќе ти се јави** и **доктор/ка** од **Центарот за јавно здравје**. Тие доктори се обучени за следење на контакти, со цел да ти помогнат да идентификуваш со кого сè си бил во контакт.



**Докторот/докторката** ќе ти постави неколку **прашања**, по однос на **податоци** за тебе, за тоа **на кој начин си се заразил/а** со **КОВИД-19, со кои луѓе си бил/а во контакт, податоци** за **луѓето со кои си бил/а во контакт**.



**Одговори точно** на **прашањата**, тоа е во најдобар интерес за твоите најблиски и за целата заедница. **Со тоа што ќе одговориш на повикот и на прашањата, можеш да спасиш животи.**



**Докторите** потоа **ќе им се јават на луѓето** со кои си бил/а во контакт и **ќе им дадат корисни совети** што да прават за **да се заштитат себе** и **своите најблиски. Сите информации** кои ќе ги дадеш се **доверливи** и никој од твојата најблиска околина нема да ги дознае. **Податоците се внесуваат во електронски систем, до кој пристап имаат само докторите.**

# СПРЕЧИ ГО
## ШИРЕЊЕТО НА КОВИД-19

**3.**

Со **твоја согласност** докторот/ докторката обучен/а за следење на контакти **ќе им се јави на сите лица** кои биле **во контакт** со тебе. При тоа **нема да им ги каже твоето име и презиме**, или **било каква информација што се однесува на тебе**. Тие само **ќе бидат информирани дека биле во контакт со лице** кое е **позитивно** на **КОВИД-19.**

**4.**

Лицата кои биле **во контакт со лице позитивно на КОВИД-19** ќе добијат информации за тоа **што треба да преземат** за **да се заштитат** и да **ги заштитат своите најблиски** во наредните 14 дена.

**Сите податоци** кои ќе ги дадат лицата исто така се **доверливи** и **никој нема да знае какви информации сте споделиле.**

**14 дена**

**5.**

**Ти ќе добиеш информации** за тоа **како да направиш правилна и соодветна самоизолација** и како да ги **заштитиш твоите најблиски од ширење на инфекцијата со Ковид-19.**

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ
RČP
СТАНИЦА П.Е.Т.
ЛИЛ